# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 59 Год. LXI Четврток, 21 јули 2005 Цена на овој број е 300 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 862. | **Решение** за именување на членови на Групата за процена................................ | 1 |
| 863. | **Решение** за именување на членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи............................ | 2 |
| 864. | **Решение** за именување претседател и членови на Одборот за сопственичка трансформација на јавните служби на Република Македонија.......................... | 2 |
| 865. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водењето на приправничката книшка..... | 2 |
| 866. | **Правилник** за начинот и постапката за добивање и одземање на дозвола, образецот на дозволата, како и критериумите и начинот на утврдување и одобрување на возниот ред во меѓуопштинскиот и меѓународниот линиски превоз на патници...... | 2 |
| 867. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на дневникот за доаѓање и поаѓање на автобусите на автобуските станици.......................................................... | 7 |
| 868. | **Правилник** за категоризацијата на автобуските станици, нивната опременост и висината на надоместокот за нивно користење..... | 9 |
| 869. | **Правилник** за начинот, формата и содржината на евиденција на недвижни ствари-сопственост на Република Македонија, што државните органи престанале да ги користат и евиденција за потребите од користење на недвижни ствари на државните органи..................... | 11 |
| 870. | **Упатство** за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии............................. | 18 |
| 871. | **Правилник** за изменување на Правилникот за водење на трговскиот регистар и за начинот на упис во трговскиот регистар....................................... | 18 |
| 872. | **Список** на средства за заштита на растенијата за кои се издадени, изменети или дополнети дозволи за пуштање во промет до 20.05.2005 година.................... | 19 |
| 873. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност............... | 35 |
| | **Огласен дел...........................................** | **1-60** |


### ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**862.**

Врз основа на член 17 и 18, став 3 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2005 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА ЗА ПРОЦЕНА

I. Членови на Групата за процена која врши постојано проценување на ризиците и опасностите по безбедноста на Република Македонија и предлага мерки и активности за нивна превенција, рано предупредување и справување со кризната состојба, се:

1. Цане Чапрагоски, директор на Бирото за јавна безбедност
2. Миле Зечевиќ, директор на Управата за безбедност и контраразузнавање
3. д-р Лазар Китановски, директор на Агенцијата за разузнавање
4. Златко Аневски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи
5. Киро Атанасов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување
6. генерал-мајор Адил Газафер, заменик на началникот на Генералштабот на Армијата
7. полковник Ристо Ѓорѓиев, раководител на Службата за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана и

8. Бесир Дехари, заменик на директорот на Бирото за јавна безбедност.

II. За раководител на Групата за процена се определува Миле Зечевиќ, директор на Управата за безбедност и контраразузнавање.

III. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2894/1
19 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**863.**

Врз основа на член 13 и член 14, став 1 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.07.2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВУВАЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА И УПРАВУВАЊЕ СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

I. Членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи се:

1. Љубомир Михајловски, министер за внатрешни работи
2. д-р Владимир Димов, министер за здравство
3. Џемали Мехази, министер за транспорт и врски
4. Јован Манасијевски, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана
5. д-р Илинка Митрева, министер за надворешни работи
6. Миле Зечевиќ, раководител на групата за процена и
7. Муса Џафери, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија.

II. За раководител на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи се определува Муса Џафери, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија.

III. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2893/1
19 јули 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**864.**

Врз основа на член 95 од Законот за установите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/2005) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000 и 12/2003), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 јуни 2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА СОПСТВЕНИЧКА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За претседател и членови на Одборот за сопственичка трансформација на јавните служби на Република Македонија се именуваат:

а) за претседател
- Минчо Јорданов, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија

б) за членови
- Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, министер за правда
- д-р Владимир Димов, министер за здравство
- Благој Стефановски, министер за култура
- Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика
- Азиз Положани, министер за образование и наука
- д-р Борче Давитковски, професор на Правниот факултет во Скопје
- Симон Сиљановски, доктор на медицина, претседател на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-2622/1
30 јуни 2005година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**865.**

Врз основа на член 144 став 2 од Законот за здравствената заштита (“Службен весник на РМ”бр. 38/91, 46/93, 55/95 и 10/04), министерот за здравство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПЛАНОТ И ПРОГРАМАТА ЗА ПРИПРАВНИЧКИОТ СТАЖ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ПРИПРАВНИЧКАТА КНИШКА

Член 1

Во Правилникот за планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водењето на приправничката книшка (“Службен весник на РМ” бр. 65/04) по членот 6 се додава нов член 6-а кој гласи:

“Член 6-а

Во текот на приправничкиот стаж здравствениот работник со завршен медицински, стоматолошки односно фармацевтски факултет треба да ги совлада и прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 09-7746/1
11 јули 2005 година
Скопје

Министер за здравство,
проф. д-р **Владимир Димов,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**866.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај (“Службен весник на РМ“ бр. 68/04) министерот за транспорт и врски донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОБИВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛА, ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА, КАКО И КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ НА ВОЗНИОТ РЕД ВО МЕЃУОПШТИНСКИОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за добивање и одземање на дозволата, образецот на дозволата, како и критериумите и начинот на утврдување и одобрување на возниот ред во меѓуопштинскиот и меѓународниот линиски превоз на патници.

Член 2

Постапка за добивање и одземање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во меѓуопштинскиот и меѓународниот превоз на патници опфаќа одделни дејствија со кои определено правно и физичко лице кое поседува лиценца за вршење на линиски превоз на патници во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај се стекнува со право да врши превоз на патници на определена линија, согласно утврден и одобрен возен ред.

## II. Постапка за начинот на издавање и одземање на дозволата

Член 3

Барањето за издавање на дозвола за меѓуопштински и меѓународен линиски превоз на патници од страна на превозникот кој има одобрено возен ред за определена линија се поднесува до Министерството за транспорт и врски.

Кон барањето превозникот поднесува решение со кое му е одобрен возниот ред за линијата за која бара дозвола и регистриран возен ред од Министерството за транспорт и врски.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред. По барање на превозникот можат да се издадат и повеќе примероци.

За издавање на дозвола за линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај покрај решението и возниот ред превозникот приложува и ценовник, итинерер и договор склучен со странски превозник доколку превозот се врши врз основа на реципроцитет.

Член 4

Дозволата за меѓуопштински линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за нејзино издавање.

Дозволата за меѓународен линиски превоз на патници се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето дозвола од надлежен орган на земјата со која се воспоставува линијата.

Член 5

Барањето за издавање на дозвола за меѓуопштински и меѓународен линиски превоз на патници ќе биде одбиено ако барателот:

- не достави одобрен и регистриран возен ред;
- во рок од 30 дена од денот на одобрување на возниот ред не поднесе барање за издавање на дозвола;
- нема лиценца за вршење на линиски превоз на патници;
- нема доволен број на возила во сопственост (автобуси);
- нема најмалку по еден вработен возач во редовен работен однос по возило;
- за меѓународна линија нема приложено итинерер, ценовник и договор за деловно техничка соработка со странски превозник на македонски јазик и јазикот на деловниот партнер, доколку линијата се воспоставува врз основа на реципроцитет.

Член 6

По истекот на рокот, за кој е издадена дозволата од член 4 став 1 и 2 од овој правилник истата може да се продолжи.

Барањето за продолжување на важноста на дозволата се поднесува до Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена пред истекот на рокот за меѓуопштински линиски превоз на патници, односно во рок од 3 до 6 месеци за меѓународен линиски превоз на патници.

Кон барањето за продолжување на важноста на дозволата превозникот покрај доказите од член 3 на овој правилник приложува и копие од издадената дозвола чие продолжување се бара.

Член 7

Дозволата од член 4 став 1 и 2 на овој правилник нема да се продолжи ако:

- истекол рокот на важноста на лиценцата,
- не ги подмирил законските обврски во врска со вршење на превозот (данок, пензиско и здравствено осигурување);
- нема доволен број на соодветни возила во сопственост (автобуси) и најмалку по еден возач во редовен работен однос по возило;
- ако во текот на важење на дозволата извршил повреда на прописите, за техничката исправност на возилата и времето на управување и одмор на возачите.

Член 8

Дозволата за вршење на линиски превоз на патници на превозникот може да му се одземе и пред истекот на рокот на нејзината важност ако:

- престанала важноста на лиценцата за вршење на линиски превоз на патници;
- превозникот не ги исполнува условите врз основа на кои е издадена; и
- на барање на превозникот.

Член 9

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

## III. Образец на дозвола

Член 10

Дозволата за меѓуопштински линиски превоз на патници се издава на образец формат А4 во жолта боја (образец број 1).

Образецот од став 1 на овој член на предната страна содржи:

Република Македонија, воден жиг на грбот на РМ, Министерство за транспорт и врски, број од евиденцијата на издадени дозволи, број на регистриран возен ред за линијата, сериски број на дозволата, назив на дозволата: „Дозвола за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници“, назив односно име на превозникот и седиште или адреса, рубрика во која се внесува почетната и крајната станица, рубрика за назначување на места за влез и излез на патниците од автобусот, рок на важност на дозволата, место и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице.

На задната страна се отпечатени условите под кои се врши превозот, напомена и рубрика за забелешки и дополнување.

Член 11

Дозволата за линиски билатерален превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај се издава на образец формат А4 во зелена боја (образец бр. 2).

Образецот од став 1 на овој член на предната страна содржи: Република Македонија, воден жиг на грбот на РМ, Министерство за транспорт и врски, број од евиденцијата на издадени дозволи, број од регистрираниот возен ред за линијата, сериски број на дозволата, назив на дозволата: „Дозвола за билатерален линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај“, назив односно име на превозникот и седиште или адреса, рубрика во која се внесува почетната и крајната станица, рубрика во која се внесуваат места за влез и излез на патниците од автобусот и граничните премини, рок на важноста на дозволата, место и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице.

На задната страна се отпечатени условите под кои се врши превозот, напомена и рубрика за забелешки и дополнување.

Образецот број 2 е отпечатен и на англиски јазик.

Член 12

Дозволата за транзит за линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај се издава на образец формат А4 во црвена боја (образец бр. 3).

Образецот од став 1 на овој член на предната страна содржи: Република Македонија, воден жиг на грбот на Република Македонија, Министерство за транспорт и врски, број од евиденцијата на издадени дозволи и број на регистрираниот возен ред на линијата, сериски број на дозволата, назив на дозволата: „Дозвола за транзит за линиски превоз на патници за меѓународен патен сообраќај", назив односно име на превозникот и седиште или адреса, рубрика во која се внесува почетната и крајната станица на линијата, рубрика за граничните премини, рок на важење на дозволата, место и датум на издавање, место за печат и потпис на овластено лице.

На задната страна се отпечатени условите под кои се врши превозот, напомена и рубрика за забелешки и дополнување.

Образецот број 3 е отпечатен и на англиски јазик.

Член 13

Образецот од член 10, 11 и 12 од овој правилник се дадени во прилог 1, 2 и 3 и се составен дел на овој правилник.

**IV. Критериуми и начин на утврдување и одобрување на возен ред за линија во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај и постапката за негово одобрување**

Член 14

Возниот ред за определена линија за меѓуопштински и меѓународен линиски превоз на патници го утврдува превозникот на пропишан образец според критериуми определени со овој правилник. (Образец бр. 4 и 5) кои се дадени во прилог 4 и 5 и се составен дел на овој правилник

Возниот ред за меѓуопштински линиски превоз на патници се пополнува на македонски јазик.

Возниот ред за меѓународен линиски превоз на патници се пополнува на македонски јазик и на јазикот на земјата со која се воспоставува линијата. Во возниот ред се наведуваат граничните премини на влез и излез во Република Македонија и во земјата со која се воспоставува линијата, како и граничните премини на земјите низ кои линијата транзитира.

Член 15

Возниот ред гласи на име на превозникот. Доколку превозот го вршат заеднички повеќе превозници во возниот ред се наведуваат имињата на сите превозници.

Член 16

При утврдувањето на возниот ред за определена меѓуопштинска линија превозникот треба да води сметка за временскиот интервал на поаѓање кој за меѓуопштинските возни редови изнесува:

| Должина на линијата во км. | минимална временска разлика | |
|---|---|---|
| | Во минути | Во минути |
| | Патнички | Директни |
| | Пред/после | Пред/после |
| 0-40 км. | 10 | 10 |
| 41- 80 км. | 20 | 15 |
| 81-120 км. | 25 | 20 |
| 121-180 км. | 30 | 25 |
| Преку 180 км. | 40 | 30 |

Поаѓање е време кое го означува почетокот на извршување на превозот на почетната и на сите попатни станици наведени во возниот ред.

Во меѓуопштинскиот сообраќај за време на врвното сообраќајно оптоварување и тоа почнувајќи од 6,00 часот до 8,00 часот претпладне и од 14,00 часот до 17,00 часот попладне, временскиот интервал утврден во став 1 на овој член може да се намали за 50% за релации до 80 км.

Врвно сообраќајно оптоварување (врвен час) е времето во текот на денот и тоа претпладне од 6,00 часот до 8,00 часот и попладне од 14,00 часот до 17,00 часот (одење и враќање на и од работа, училиште, факултет и слично).

При утврдување на возен ред за директна меѓуопштинска линија не се земаат во предвид возни редови за патнички линии.

Доколку се утврдува нов возен ред за линија која тргнува од иста почетна и крајна станица со стар возен ред по различна траса (итинерер), не се применуваат критериумите од став 1 на овој член.

Член 17

Места за застанување во возниот ред за меѓуопштинските и меѓународните линии можат да бидат поголеми населени места во општината и Градот Скопје.

По исклучок од став 1 на овој член, места за застанување во возниот ред за меѓуопштинска линија можат да бидат и помали населени места во Општината ако нема организиран –општински линиски превоз.

Член 18

При утврдување и одобрување на возен ред за меѓународна линија превозникот треба да води сметка за временскиот интервал на поаѓање во однос на веќе одобрен возен ред кој изнесува:

| Должина на линијата во км. | Минимална временска разлика во минути пред/после |
|---|---|
| 0- 120 км. | 20 мин |
| 121- 250 км. | 25 мин. |
| 251- 600 км. | 30 мин. |
| 601-1100 км. | 40 мин. |
| 1101-1800 км. | 50 мин. |
| Преку 1801 км. | 60 мин. |

Временскиот интервал од став 1 на овој член нема да се применува при утврдување на возен ред за линија во меѓународниот патен сообраќај доколку истата има само почетна и крајна станица, без попатни станици.

Доколку се утврдува возен ред за линија која тргнува од иста почетна и крајна станица со стар возен ред, без попатни станици, во тој случај се применуваат критериумите од став 1 на овој член.

Доколку се утврдува нов возен ред за линија која тргнува од иста почетна и крајна станица со стар возен ред по различна траса (итинерер), не се применуваат критериумите од став 1 на овој член.

Член 19

Барањето за одобрување на возен ред за определена линија во меѓуопштинскиот и во меѓународниот патен сообраќај се поднесува до Комисијата за одобрување на возни редови при Министерството за транспорт и врски.

Кон барањето за одобрување на возниот ред за определена линија, превозникот треба да го наведе полниот назив на фирмата и да ја приложи следната документација.

1. Копие од лиценцата за линиски превоз на патници;
2. Копие од регистрација на фирмата;
3. Решение за претежна дејност од Државниот завод за статистика;
4. Копие од сообраќајните дозволи за минимум две возила (автобуси) во сопственост на фирмата за една линија и за секоја наредна уште по едно возило кои ги исполнуваат посебните техничко експлоатациони услови за

вршење на одделни видови на превоз. Како сопствени возила ќе се сметаат и возилата земени по договор за лизинг од овластен дистрибутер заверен на нотар;

5. Копии од обрасците М1/2 за вработени возачи во редовен работен однос по возило;

6. Предлог на утврден возен ред за определена линија изготвен согласно член 15 од овој правилник;

7. Скица за превозниот правец (итинерер) во соодветен размер за меѓународните линии;

8. Ценовник за предложениот возен ред за меѓународните линии;

9. Договор со странски превозник доколку линијата се воспоставува врз основа на реципроцитет; и

10. Копие од сите одобрени и регистрирани возни редови во Министерството за транспорт и врски.

Член 20

Превозникот може да поднесе барање за одобрување на возен ред за патничка линија, директна линија и брза линија. Патничка линија е линија која покрај почетната и крајната станица има и повеќе попатни станици. Директна линија е линија која има само почетна и крајна станица без попатни станици. Брза линија е линија на која според одобрениот возен ред качување и симнување на патници се врши само на некои поголеми и позначајни населени места – градови.

Член 21

За нова линија или за промена на стара линија нема да се одобри возен ред ако истата со веќе одобрена линија има две или повеќе заеднички станици, а предложените поаѓања на тие и на сите заеднички станици се во ист временски интервал пропишан со член 16 и 18 од овој правилник.

Член 22

Доколку во постапката за одобрување на нов возен ред има барање од два или повеќе превозници со иста почетна и крајна станица приоритет има превозникот со седиште во почетната станица.

Член 23

Превозникот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението со кое е одобрен возниот ред до Министерството за транспорт и врски поднесува барање за регистрирање на возниот ред и издавање на дозвола.

Кон барањето за регистрација на возниот ред за меѓуопштински линиски превоз на патници и издавање на дозвола се приложува: одобрениот возен ред во најмалку 10 примероци и доказ за платена административна такса за регистрација на возниот ред.

Кон барањето за регистрација и покренување на постапка за издавање на дозвола за возен ред за меѓународна линија се приложува: возен ред, итинерер, ценовник, договор за заедничка експлоатација на линијата со странски превозник заверен на нотар, доколку со меѓународен договор е предвидено линискиот превоз на патници да се воспоставува врз основа на реципроцитет, како и доказ за платена административна такса за заверка на возниот ред и ценовникот.

Член 24

По барање на превозникот важноста на возниот ред се продолжува.

Барањето за продолжување се поднесува до Министерството за транспорт и врски, и тоа за возните редови за меѓуопштински линиски превоз, најмалку 30 дена пред истекот на регистрацијата, а за возните редови за меѓународен линиски превоз најмалку 3 до 6 месеци пред истекот на дозволата.

## V. Преодни и завршни одредби

Член 25

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за поблиските критериуми, начинот и постапката за утврдување доделување и регистрација на возни редови утврдени во мрежата на линии за меѓумесен и меѓународен линиски превоз на патници ("Службен весник на РМ" бр. 58/04).

Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-8962
13 јули 2005 година
Скопје

Министер,
**Џемали Мехази,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

| | | |
|---|---|---|
| Бр. за евидентирање на издадени дозволи | Бр. на рег. возен ред за линијата | Сериски број на дозволата |

**ДОЗВОЛА**

за вршење на меѓуопштински линиски превоз на патници

Назив или име на превозникот

Седиште или адреса

| | |
|---|---|
| Од – почетна станица | До – крајна станица |

Места за влез и излез на патниците

Рок на важност на дозволата

| | |
|---|---|
| Од – ден, месец, година | До – ден, месец, година |

Скопје,

Место и датум на издавање

Печат и потпис на овластено лице

**УСЛОВИ**

За време на вршење на превозот превозникот е должен во секој автобус да има примерок во оригинал, кој мора да го покаже на барање на лице овластено за надзор;

Превозот на линијата мора да се врши во согласност со возниот ред и итинерарот. Возниот ред во оригинал мора да се наоѓа во прилог на дозволата и претставува нејзин составен дел;

Автобусите со кои се врши превозот мора да ги исполнуваат условите за вршење на тој вид на превоз.

НАПОМЕНА:
Превозникот е должен да ги почитува одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за безбедност на сообраќајот на патот и за било какви измени во дозволата и документацијата која е составен дел на дозволата превозникот е должен да прибави претходно одобрение од надлежниот орган.

Образец 4

______________________ ______________________

(полн назив на домашен превозник) (вид на линијата:патничка, директна, брза)

ВОЗЕН РЕД
за меѓуопштинска линија

______________________

(назив на линијата)

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Време на поаѓање | станици | км | време на враќање |
| 1.2.3.4..... | - | - | 1.2.3.4.......... |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |

Режим на одржување на линијата
- секојдневно
доколку возниот ред е одобрен само
за одредени денови, да се наведат деновите

М.П

______________________

(потпис на овластено лице)

Образец 5

______________________ ______________________

(полн назив на домашен превозник) (вид на линијата:патничка, директна, брза)

ВОЗЕН РЕД
за меѓународна линија

______________________

(назив на линијата)

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Време на поаѓање | станици | км | време на враќање |
| 1.2.3.4..... | - | - | 1.2.3.4.......... |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |
| - | - | - | - |

Режим на одржување на линијата
- да се наведат деновите во кои превозот
го врши домашниот превозник, а во кој
странскиот превозник при поаѓање и враќање

М.П

______________________

(потпис на овластено лице)

**867.**

Врз основа на член 60 став 4 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр. 68/04) министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДНЕВНИКОТ ЗА ДОАЃАЊЕ И ПОАЃАЊЕ НА АВТОБУСИТЕ НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на дневникот за доаѓање и поаѓање на автобусите на автобуските станици (во натамошниот текст: дневник).

Член 2

Правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица дневникот за доаѓање и поаѓање на автобусите кои вршат линиски превоз на патници во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај треба да го води според образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Дневникот се води во форма на книга односно доколку автобуската станица е опремена со опрема за автоматска обработка на податоци дневникот може да се води и електронски.

Книгата на која се води дневникот при поаѓање односно доаѓање на автобусите на автобуската станица ги содржи следните податоци: место и дата, реден број, број на линијата од регистарот на автобуската станица, скратен назив на автобуската линија, скратен назив на превозникот, регистарски број на автобусот, време на поаѓање по возниот ред, стварно време на поаѓање, задоцнување и причини, време на доаѓање по возниот ред, стварно време на доаѓање, задоцнување и причини, број на патен налог и период на одржување на линијата.

Член 4

Правното односно физичкото лице кое управува со автобуската станица го води дневникот редовно со целосно пополнување на сите податоци од дневникот.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-8960
13 јули 2005 година
Скопје

Министер,
**Џемали Мехази,** с.р.

ПРИЛОГ : 1

Сообраќаен дневник за поаѓање и доаѓање на автобусите од автобуските станици што вршат линиски превоз на патници во патниот сообраќај

Место и дата

| Ред. бр | Бр.на линијата од регистерот на автобуската станица | Скратен назив на автобуската линија | Скратен назив на превозникот | Рег. бр. на автобусот | Време на поаѓање по возниот ред | Стварно време на поаѓање | Задоцнување и причини | Време на доаѓање по возниот ред | Стварно време на доаѓање | Задоцнува ње и причини | Бр. на патен налог | Период на одржува ње на линијата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | |

**868.**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр. 68/04) министерот за транспорт и врски, донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈАТА НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ, НИВНАТА ОПРЕМЕНОСТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА НИВНО КОРИСТЕЊЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува категоризација на автобуските станици, нивната опременост и висината на надоместокот што се плаќа за нивно користење.

### II. НАЧИН НА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА АВТОБУСКИ СТАНИЦИ

Член 2

Категоризацијата на автобуските станици ја утврдува Комисија за категоризација на автобуските станици (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата се состои од 3 (три) члена, од кои два постојни члена од Министерство за транспорт и врски и еден повремен член од општината односно градот Скопје.

Комисијата од став 1 на овој член во својата работа може по потреба да користи и услуги на други стручни правни и физички лица.

Член 3

Правното или физичкото лице кое управува или на кое му е доверено управувањето со автобуската станица поднесува писмено барање за утврдување на категоријата на автобуската станица до Комисијата од член 2 на овој правилник.

Кон барањето се приложува целата потребна документација за утврдување на категоризацијата на автобуката станица во согласност со критериумите пропишани со овој правилник.

Член 4

Комисијата врз основа на утврдената фактичка состојба согласно пропишаните критериуми изготвува решение за категоризација на автобуската станица.

Решението го потпишува претседателот на Комисијата.

Член 5

Автобуските станици се категоризираат во 4 (четири) категории и тоа: А. Б , В и Г во зависност од содржините со кои располагаат, нивната опременост, функционалност и квалитет.

### III. КРИТЕРИУМИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА И ОПРЕМЕНОСТ НА АВТОБУСКИТЕ СТАНИЦИ

Член 6

Категоризацијата на автобуските станици ќе се врши во зависност од исполнетоста на основните и дополнителни критериуми.

Основни критериуми се:

1. Инфраструктурната опременост на зградата на автобуската станица.
2. Сообраќајни површини за паркирање на автобуси и патнички возила во мирување (паркинг простор).
3. Работното време на автобуската станица.

Член 7

Инфраструктурната опременост на автобуската станица ги опфаќа следните содржини:

- Чекална за прифаќање на патниците што доаѓаат и поаѓаат од автобуската станица.

Чекалната мора да биде осветлена и да има поставено клупи за седење на патниците, да има обезбедено вентилација, климатизација и греење.

- Шалтери за продажба на возни билети.

Продажбата на возни билети може да биде: компјутеризирана, машинска и рачна.

Систем на информирање,

Системот на информирање на патниците може да биде обезбеден по пат на паноа, разгласна станица, видео монитор, телефон или усмено.

- Јавна телефонска говорница;
- Гардероба за прифаќање на багаж;
- Санитарни простории, кој се осветлени, опремени со нужна опрема, вентилација и да се одржуваат во чиста состојба;
- Сообраќајно биро;
- Перони.

Во зависност од бројот на поаѓање и доаѓање на автобусите во текот на денот автобуската станица треба да има доволен број на покриени перони.

Пероните се означени со арапски броеви видливи за патниците и возачите на автобусите.

На секој перон се поставува семафор со црвено и зелено светло или дисплеј за регулирање на доаѓањето, задржувањето и поаѓањето на автобусите.

Семафорот и дисплејот се лесно видливи за возачите и патниците.

Пероните се осветлени.

Член 8

Сообраќајниот простор за паркирање опфаќа простор за паркирање на автобуси кои ги користат услугите на автобуската станица и простор за паркирање на патнички возила.

Член 9

Работното време на автобуската станица во зависност од потребите за опслужување на патниците и автобусите може да биде утврдено:

од 00 до 24,00 часот
од 05 до 22,00 часот
од 05 до 20,00 часот

Член 10

Како дополнителни критериуми за категоризација се сметаат пратечките содржини на автобуската станица и тоа: ресторан, кафитерија, слаткарница, други угостителски објекти, објекти за услужна дејност (туристичка агенција, менувачница, пошта, банка, амбуланта, продажба на печат) разни занатски услуги (часовничар, оптичар, фризер, бербер, цвеќара и др.) трговска дејност (продавници за прехрамбени производи, текстил и др.).

Член 11

Како дополнителен критериум при утврдувањето на категоријата на автобуската станица се смета и местоположбата на автобуската станица.

Под местоположба на автобуската станица се смета најзина поврзаност со јавниот општински превоз, такси превозот, железничка станица и аеродром.

Член 12

Основните критериуми се задолжителни за секоја категорија на автобуска станица, додека дополнителните критериуми се изборни.

Член 13

Категоризацијата на автобуските станици се определува со бодирање на основните критериуми. Вкупниот минимален број на бодови по категории е утврден во табела 1 која е составен дел на овој правилник.

Член 14

Категоријата на автобуската станица се утврдува врз основа на основните критериуми, а доколку истата ги исполнува и дополнителните критериуми се категоризира за еден степен во повисока категорија.

## IV. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ШТО СЕ ПЛАЌА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКА СТАНИЦА

Член 15

За користење на автобуската станица превозникот плаќа надоместок за одредени видови на услуги и тоа:

- надоместок на име провизија за продажба на возни билети;
- надоместок за користење на перони при поаѓање и доаѓање на автобусите;
- надоместок за користење на простор за паркирање на автобуси и патнички возила во мирување;

Член 16

Меѓусебните права и обврски меѓу правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица како давател на услуга и превозникот како корисник на услугата се регулираат со договор.

Член 17

Висината на надоместокот за користење на автобуската станица се определува во зависност од нејзината категорија.

Член 18

Висината на надоместокот на име провизија за продажба на возни билети која ја плаќа превозникот на автобуската станица изнесува и тоа:

- за меѓуопштински превоз од 7% до 10% по продаден возен билет; и
- за меѓународен превоз од 10% до 15% по продаден возен билет.

Член 19

Висината на надоместокот за користење на перони при поаѓање и доаѓање на автобусите на автобуската станица (влез – излез) во зависност од категоријата на станицата и видот на превозот изнесува:

| Надоместок за користење на перон За влез излез на автобуси | Категорија на автобуска станица | | | |
|---|---|---|---|---|
| | А | Б | В | Г |
| Меѓуопштински линиски превоз | 200,00 | 100,00 | 50,00 | 30,00 |
| Меѓународен линиски превоз<br>- линиски превоз до 1000 км.<br>- линиски превоз над 1000 км. | <br><br>600.00<br>900,00 | <br><br>300,00<br>300,00 | <br><br>100,00<br>100,00 | <br><br>50,00<br>50,00 |
| Слободен превоз во внатрешниот сообраќај | 300,00 | 200,00 | 150,00 | 100,00 |
| Слободен превоз во меѓународниот сообраќај | 600,00 | 300,00 | 200,00 | 150,00 |

Член 20

Правното или физичкото лице кое управува со автобуската станица може да наплатува перонска карта по патник во висина која изнесува најмногу:

- за линии до 50 км. во внатрешниот патен сообраќај 10 ден.
- за линии над 50 км. во внатрешниот патен сообраќај 30 ден.
- за линии во меѓународниот патен сообраќај 50 ден.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на обележувањето и опремувањето на автобуските станици и автобуските стојалишта за меѓумесниот и меѓународниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/97).

Член 22

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-8961
13 јули 2005 година
Скопје

Министер,
**Џемали Мехази,** с.р.

Табела бр. 1

ВКУПЕН МИНИМАЛЕН БРОЈ НА БОДОВИ ПО КАТЕГОРИИ НА АВТОБУСКИ СТАНИЦИ

| **Критериуми** | **А** | **Б** | **В** | **Г** |
|---|---|---|---|---|
| **I. Основни критериуми** | | | | |
| **1. Инфрастуктурна оопременост на автобуската станица** | | | | |
| 1.1. Чекална | | | | |
| 1.1.1. Осветлување и греење | x | x | x | x |
| 1.1.2. Климатизација | x | x | | |
| 1.1.3. Вентилација | x | x | x | x |
| 1.1.4. Места за седење | x | x | x | x |
| 1.2. Шалтери за продажба на возни билети | | | | |
| 1.2.1. Компјутеризирани | x | x | | |
| 1.2.2. Машинска | | | x | |
| 1.2.3. Рачна | | | | x |
| 1.3. Систем на информирање | | | | |
| 1.3.1. По пат на паноа | x | x | x | x |
| 1.3.2. Разгласна станица | x | x | x | |
| 1.3.3 Видео монитор | x | | | |
| 1.3.4. Телефон | x | x | x | x |
| 1.3.5. Усмено | x | x | x | x |
| 1.4. Јавна телефонска говорница | x | x | x | x |
| 1.5. Гардероба за прифаќање на багаж | x | x | x | |
| 1.6. Санитарни простории | x | x | x | x |
| 1.7. Сообраќајно биро | x | x | x | x |
| 1.8. Перони | | | | |
